Врз основа на член 24 од Статутот, Собранието на Радиоаматерската Асоцијација на Северна Македонија-РАСМ, за работа на своето изборно собрание, кое се одржува на ден 20.05.2023 година, усвои:

# **Д Е Л О В Н И К**
# **ЗА РАБОТА**

Член 1

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа на Собранието на РАСМ, одржано на ден 20.05.2023 година.

Член 2

Собранието работи според дневниот ред што го утврдува на почетокот на својата работа. Предлозите за измени и дополнувања на предложениеот дневен ред треба да бидат образложени.

Член 3

Собранието го сочинуваат претставници од клубовите и членови поединци, согласно член 19 од Статутот на Радиоаматерската Асоцијација на Северна Македонија.

Член 4

На Собранието право на одлучување имаат делегатите.

Член 5

Собранието полноважно одлучува ако во неговата работа учествуваат повеќе од половината од вкупниот број на делегати.

Ако постојат повеќе предлози, одлучувањето се врши на тој начин што се гласа по редослед на поднесените предлози, а усвоен е оној предлог што добил повеќе гласови.

Член 6

Собранието го отвара и со неговата работа, до изборот на нов Претседател, раковиди Претседателот на Радиоаматерската Асоцијација на Северна Македонија.

Член 7

На предлог на Претседателот на Асоцијацијата се избира работно претседателство од три члена.

Член 8

Работното претседателство предлага Деловник за работа и го запознава Собранието со забелешките и предлозите, доколку има, по дневниот ред.

Предлозите за измените и дополнувањата на дневниот ред се ставаат на гласање.

Член 9

Работното претседателство раководи со работата на Собранието, се грижи за работата на комисиите, предлага процедурални и други прашања во интерес на работата на Собранието според утврдениот дневен ред, а врз основа на овој Деловник.

Член 10

На предлог на работното претседателство, Собранието избира:

1. Верификацијона комисија од 3 члена
2. Кандидациона комисија од 3 члена
3. Изборна комисија од 3 члена
4. Записничар, еден член
5. Заверувачи на Записникот – два члена

Член 11

Верификационата комисија му поднесува на Собранието извештај за бројот на присутни делегати.

Член 12

Секој делегат има право да учествува во дискусијата, да дава предлози и изнесува забелешки за работата.

Член 13

Делегатот што сака да дискутира, се пријавува на работното претседателство по писмен или усен пат, наведувајќи го своето име и презиме и клубот од каде што е избран, ако е претставник на клуб.

Делегатот што сака да постави процедурални прашања или сака да даде куса изјава во врска со својата дискусија или да упати забелешка на одделна дискусија, се пријавува усно, а работното претседателство му дава збор без оглед на редоследот на дискусиите.

Дискусијата може да трае најмногу 5 минути, ако работното претседателство не одлучи поинаку.

Член 14

Учесниците во дискусијата се должни да се придржуваат на дневниот ред. Работното претседателство може да го одземе зборот на оној учесник во дискусијата кој не се придржува на дневниот ред и на одредбите на овој Деловник по претходно предупредување.

Член 15

Кандидационата комисија му поднесува на Собранието листа со поднесени апликации за Претседател на Радиоаматерската Асоцијација на Северна Македонија.

Член 16

Изборот за Претседател на Асоцијацијата се врши со јавно гласање. Претседателот е избран ако добил повеќе од половина гласови присутните делегати на Собранието. Ако има повеќе од двајца кандидати, може да има и втор круг на гласање. Во вториот круг влегуваат двајцата кандидати, кои во првиот круг имаат најголем број на гласови.

Член 17

Изборната комисија му поднесува на Собранието извештај за резулатите од гласањето за избор на Претседател на Асоцијацијата, а делегатите на Собранието го усвојуваат извештајот со кревање на рака.

Член 18

Прашања кои не се опфатени со Деловникот за работа на Собранието, се решаваат на предлог на работното претседателсво со посебна Одлука на Собранието.

Член 19

Овој Деловник има карактер на Одлука на Собранието и се усвојува со јавно гласање.

Член 20

Толкување на овој Деловник, дава Собранието на РАСМ

Член 21

Овој Деловник стапува на сила и се применува од денот на неговото донесување

Член 22

Со донесување на овој Деловник, престанува да важи Деловникот донесен на 11.05.2019 година

Скопје, 20.05.2023

Радиоаматерска Асоцијација

на Северна Македонија